РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

Број 01 - 441/1

23.03.2016, Скопје

## Содржина

ВОВЕД ..... 1
1. СТАТУС, НАДЛЕЖНОСТИ И РАКОВОДЕЊЕ ..... 2
2. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ..... 3
2.1 ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА ..... 3
2.2 КАДРОВСКА СОСТОЈБА ..... 4
2.3 СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ..... 6
2.4 СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ ..... 9
3. ПРИОРИТЕТИ ВО 2015 ГОДИНА ..... 11
3.1. Имплеметација на обврските произлезени од Законот за административни службеници ..... 11
3.2 Мерење на задоволството на корисниците на услугите ..... 12
3.3 Заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба - Common Assessment Framework ..... 13
3.4 Систем за менаџмент со квалитет, согласно барањата на Стандардот ИСО 9001:2008 ..... 13
3.5 Одбележување на 15-годишнината од основањето на Агенцијата ..... 14
3.6 Стратешки план на Агенцијата за администрација (2016-2018) и Програма за работа на Агенцијата за администрација за 2016 година ..... 14
3.7 Е-архива ..... 14
4. ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ..... 15
4.1 Селекција и вработување на државни и јавни службеници ..... 15
4.1.1 Објавување јавни огласи за државни службеници ..... 15
4.1.2 Објавување интерни огласи за државни службеници ..... 16
4.1.3 Административна селекција, испит за државен службеник и интервју ..... 16
4.1.4 Објавување одлуки за избор на државен службеник ..... 17
4.1.5 Објавување јавни огласи за јавни службеници ..... 18
4.1.6 Административна селекција, испит за јавен службеник и интервју ..... 18
4.1.7 Објавување на одлуки за избор на јавен службеник ..... 18
4.2 Испити за стекнување со статус на државен службеник и со статус на јавен службеник ..... 19
4.3 Селекција и вработување на припадници на заедниците ..... 19
4.4 Селекција за вработување на административни службеници ..... 19
5. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ И ПРИГОВОРИ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ВТОР СТЕПЕН ..... 21
5.1 Период до почеток на примената на Законот за административни службеници ..... 21
5.2 Период од почетокот на примената на Законот за административни службеници ..... 24
6. СОГЛАСНОСТ НА АКТИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА СЛУЖБА ..... 28
7. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР ..... 29
8. ПРИДОНЕС КОН ЕВРО - ИНТЕГРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 30
8.1 Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2015 година ..... 30
8.2 Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ (НПАА) - Ревизија 2015 година ..... 30
8.3 Специјалната група за реформа на јавната администрација (СГ РЈА) ..... 30
8.4 Годишната национална програма на Република Македонија за членство во НАТО 2015/2016 година ..... 30
9. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ ..... 31
10. ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА 2016 ГОДИНА ..... 32

## ВОВЕД

Агенцијата за администрација (основана во 2000 година како Агенција за државни службеници) е државен орган финансиран од Буџетот на Република Македонија.

Мисијата на Агенцијата за администрација е да овозможи развој и одржливост на стручна и професионална администрација, преку примена на нов пристап за управувањето со човечките ресурси, заснован врз компетенции.

Согласно член 13 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14,199/14, 48/15, 154/15 и 5/16), Агенцијата за администрација, за својата работа за претходната година доставува годишен извештај до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година.

Овој извештај е резултат на континуирано исполнување на оваа обврска.

## 1. СТАТУС, НАДЛЕЖНОСТИ И РАКОВОДЕЊЕ

Агенцијата за администрација (во натамошниот текст: Агенцијата) е самостоен државен орган со својство на правно лице, со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за административни службеници.

Агенцијата е надлежна за вршење на следните работи:

- објавување огласи за вработување на административни службеници;
- организација на постапки за селекција на административни службеници;
- постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен;
- спроведување на испитот за административен службеник, испитот за административно управување и тестот на личност;
- водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување;
- други работи утврдени со закон.

Покрај ова, Агенцијата може да учествува во постапките за унапредување и за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап на административни службеници во институции од јавниот сектор.

Имено, во институција од јавниот сектор во која во организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси има само еден вработен, вториот член на Комисијата за селекција за унапредување е вработен во Агенцијата, и истиот не може да биде од редот на членовите на Комисијата која одлучува по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

Понатаму, доколку во институцијата од јавен сектор во која се води дисциплинска постапка за административен службеник нема седум вработени, останатите членови на дисциплинската комисија се определуваат од вработени во Агенцијата и истите не се од редот на членовите на Комисијата која одлучува по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

Исто така, согласно Законот за инспекциски надзор еден член на Комисијата за спроведување на дисциплинска постапка за инспектор е од Агенцијата.

Со Агенцијата раководи директор, кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија за време од шест години. Директорот на Агенцијата има заменик. За својата работа и за работата на Агенцијата, директорот и неговиот заменик одговараат пред Собранието на Република Македонија.

# 2. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ

## 2.1 ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Поаѓајќи од утврдените надлежности во Законот за административните службеници, како и Уредбата за начелата на внатрешната организација на органите на државната управа, а заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на нормативно-правни работи во врска со управувањето, развој и координација со човечките ресурси, стручно-аналитички, управни, информативно-комуникациски, оперативни, материјални, финансиски, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи, Агенцијата е организирана во три сектори со осум одделенија во нивен состав и три самостојни одделенија, и тоа:

(1) **Сектор за правни работи**, со следните одделенија:
- Одделение за нормативно-правни работи и соработка со институциите во јавниот сектор;
- Одделение за одлучување по жалби и приговори на државните службеници и
- Одделение за одлучување по жалби и приговори на јавните службеници.

(2) **Сектор за селекција на кандидати за вработување**, со следните одделенија:
- Одделение за јавен оглас и административна селекција и
- Одделение за спроведување на испити, интервју и тест на личност.

(3) **Сектор за стручно-административни работи и јавни набавки**, со следните одделенија:
- Одделение за стручни работи и архивско и канцелариско работење;
- Одделение за информатичка технологија и поддршка и
- Одделение за јавни набавки.

Самостојни одделенија се:

(1) **Одделение за управување со човечки ресурси**;
(2) **Одделение за внатрешна ревизија и**
(3) **Одделение за финансиски прашања**.




**Прилог 1. Организациона шема на Агенцијата за администрација**

## 2.2 КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Согласно новиот Правилник за систематизација на работните места на Агенцијата за администрација предвидени се 73 работни места. Од нив, 72 работни места се со статус на административни службеници, а едно работно место е помошно-техничко лице. На работните места за административни службеници планирани се 98 извршители, а на работното место за помошно-техничко лице еден извршител.

Бројот на вработени во Агенцијата на 31.12.2015 година изнесуваше 65, што значи дека процентот на пополнетост изнесуваше 65,6%, од планираниот број на вработени.

Споредено со 2014 година, бројот на вработени во Агенцијата во 2015 година е зголемен за 9 извршители (16,07%). Новите вработувања се реализирани врз основа на спроведените постапки за вработувања по пат на јавен оглас и на вработувања без објавување на јавен оглас (спогодбени преземања) на вработени од институциите од јавниот сектор.

Со новите вработувања продолжи процесот на зајакнување на административните капацитети на Агенцијата, започнат во 2014 година. Имено, Секторот за селекција на кандидати за вработување е доекипиран со уште 5 извршители, Секторот за стручно-административни работи и јавни набавки со 6 извршители и Одделението за управување со човечки ресурси со 2 извршители.

Во октомври 2015 година беше назначен и генерален секретар на Агенцијата.

5 државни службеници беа унапредени, на 4 државни службеници им престана работниот однос во Агенцијата, а на 1 државен службеник му е утврдено право на мирување на правата и должностите од работниот однос заради придружба на брачен другар кој е упатен на работа во дипломатско претставништво во странство.

Пополнетоста на работните места во Агенцијата, изразена во број на извршители и проценти е следна:
- Генерален секретар - 1 (100%);
- Државни советници - 2 (66,6%);
- Сектор за правни работи - 16 (59,2%);
- Сектор за селекција на кандидати за вработување - 19 (59,3%);
- Сектор за стручно-административни работи и јавни набавки - 19 (76%);
- Одделение за управување со човечки ресурси - 3 (75%);
- Одделение за финансиски прашања - 4 (80%) и
- Одделение за внатрешна ревизија - 1 (50%).




Ваквата состојба укажува на солиден процент на вработеност во Агенцијата, особено во делот на двете најзначајни функции од нејзиното работење - селекција за вработување и одлучување по жалби и приговори на административни службеници.

## 2.3 СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Структурата на вработените во Агенцијата е следната:

**Според категории на работни места на административни службеници:**

- Категорија А - секретари 1 (1,5%);
- Категорија Б - раководни административни службеници 12 (18,4%);
- Категорија В - стручно-административни службеници 41 (63%) и
- Категорија Г - помошно-стручни административни службеници 10 (15,3%).




**Според степен на образование:**

- со VII степен на образование - 54 (83%) од вработените;
- со IV степен на образование - 11 (17%) од вработените;

Од административните службеници со завршено високо образование, 6 имаат звање магистар по науки.



**Според пол:**

- машки - 20 (30,77%) и
- женски - 45 (69,23%).




**Според возраст:**

-до 25 години - 0;
-од 25 до 35 години - 36 (55,38%) од вработените;
-од 35 до 45 години - 18 (27,69%) од вработените;
-од 45 до 55 години - 4 (6,15%) од вработените;
-од 55 до 64 години - 7 (10,77%) од вработените.



Просечната возраст на вработените во Агенцијата на 31.12.2015 година е 36 години и 5 месеци, а во споредба со просечната возраст на вработените на 31.12.2014 година е намалена за 1 година.

**Според национална припадност:**

Од вкупно 65-те вработени во Агенцијата, 44 (67,69%) се Македонци, а останатите 21 вработени (32,31%) се припадници на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија, и тоа;

-Албанци - 9 (13,85%);
-Турци - 1 (1,54%),
-Роми - 3 (4,62%);
-Власи - 2 (3,08%);
-Срби - 4 (6,15%); и
-Бошњаци - 2 (3,08%)
-Други - 0.




Од припадниците на заедниците, по нивно барање, работниот однос во Агенцијата им престана на 2 вработени (1 припадник на албанската заедница и 1 припадник на турската заедница), а со новите вработувања во текот на 2015 година во Агенцијата се вработија 4 припадници на заедниците (3 припадници на албанската заедница и 1 припадник на српската заедница).

## 2.4 СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Во текот на 2015 година, раководството и вработените од Агенцијата учествуваа на вкупно 52 конференции, обуки, семинари, работилници и студиски посети, и тоа на следните теми:

1.Изготвување на завршна сметка за 2014 година, Скопје-јануари 2015 година;
2.Мултиплатформски систем за колаборација за Е-седница, Скопје-февруари 2015 година;
3.Практична обука за подготовка на акти за внатрешна организација и систематизација на работните места, Скопје-февруари 2015 година;
4.Конференција за 20 години од донесувањето на Пекиншката декларација и Платформа за акција, Скопје-март 2015 година;
5.Управување со учинок, Скопје-март, април 2015 година;
6.Стратешко лидерство и вештини за креирање политики, Скопје-март 2015 година;
7.Подобрување на процесот на управување со ризиците,Скопје-април 2015 година;
8.Студиска посета CAF-Модел, Краков (Р.Полска)-април 2015 година;
9.Менторство, Скопје-април,мај 2015 година;
10.Антикорупциски мерки и етика во администрацијата,Скопје-април, септември 2015 година;
11.Обука за обучавач на ментори, Скопје-април 2015 година;
12.Административно работење, Скопје-април, јуни 2015 година;
13.Стратешко лидерство и вештини за креирање политики, Скопје-април 2015 година;
14.Едукација за јавни набавки, Скопје-април,ноември 2015 година
15.Заштита на пријавувачите низ институционалниот систем во Македонија, Скопје-април 2015 година;
16.Конференција за јавната внатрешна финансиска контрола 2015-2017 година, Скопје-април 2015 година;
17.Подобрување на сајбер безбедноста, Париз (Р.Франција)-мај 2015 година;
18.Службеничкиот систем во Република Македонија, Скопје-јуни 2015 година;
19.Модул на договорни страни, Скопје-јуни 2015 година;
20.Обука за обучавачи на функционална анализа, Попова Шапка-јуни 2015 година;
21.Обука за Информационен систем за управување со човечки ресурси, Скопје -јуни 2015 година;
22.Заедничка рамка за оценка, Скопје-јуни 2015 година;
23.Квалитетот за јавните администрации и услуги, Виена (Австрија)- РеСПА јули-2015 година;
24.Основи на Европска Унија, Скопје-септември 2015 година;
25.Новиот закон за општа управна постапка, Скопје-септември 2015 година;
26.Најдобрите и најлошите практики, искуства и примери од тримесечна примена на измените во Законот за јавни набавки, Скопје-јуни 2015 година;
27. Вовед во Е-влада,Скопје-септември 2015 година;
28.Достапна администрација за лица со хендикеп,Скопје-октомври 2015 година;
29. Управување со човечки ресурси, Скопје-октомври 2015 година;
30.Транзиција на ISO9001:2008 и ISO9001:2015 и ISO14001:2004 во ISO14001:2015, Скопје-октомври 2015 година;
31.Мониторинг и евалуација на јавната администрација, Даниловград (Црна Гора) РеСПА-октомври 2015 година;
32.Квалитет на управување во јавната администрација и јавните услуги во Западен Балкан, Сараево (Босна и Херцеговина) РеСПА-октомври 2015 година;

33.Професионализмот на јавниот сервис помеѓу политиката и администрацијата, Даниловград (Црна Гора) РеСПА-ноември 2015 година;

34. Акционен план за остварување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и намалување на судир на интереси 2016-2019 година, Скопје-ноември 2015 година;

35. Денови на доживотно учење, Скопје-ноември 2015 година;

36.Попис на средства, побарувањата и обврските, амортизација и ревалоризација кај трговските друштва, буџетските корисници и непрофитни организации, Скопје-ноември 2015 година;

37.Методологијата за релевантен за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика, Скопје-ноември 2015 година;

38.Европскиот ден на претприемачот, Европски ден на МСП, Скопје-ноември 2015 година;

39.Уметност за комуницирање, Берово-ноември 2015 година;

40.Подобрување на институционалното лидерство и развој на професионални вештини, Даниловград (Црна Гора) РеСПА-ноември 2015 година;

41.Подготвителни работи за изготвување на завршна сметка за 2015 и други важни новини во законската регулатива,Скопје-декември 2015 година;

42.Заедничка рамка за проценка, Струга-декември 2015 година;

43.Усно интервју и процес на вработување во јавната администрација, Попова Шапка-декември 2015 година;

44.Студиска посета-Промовирање на интегритетот на државните службеници, Р.Чешка-декември 2015 година;

45. Користење на системот за управување со учење, Скопје-декември 2015 година и

46. Управување со време, организирање, водење и тек на состаноци, Дојран-декември 2015 година.

Истовремено, врз основа на Планот за интерни обуки на вработените во Агенцијата, а заради поефикасно имплементирање на Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор во Агенцијата од страна на компетентни државни службеници одржани беа обуки на следните теми:

1.Вовед во Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор;

2.Права и обврски на административните службеници;

3.Вработување, унапредување и мобилност;

4.Стручно усовршување и менторство;

5.Систем за управување со ефектот на административните службеници и

6.Дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници.

# 3. ПРИОРИТЕТИ ВО 2015 ГОДИНА

## 3.1. Имплеметација на обврските произлезени од Законот за административни службеници

Во текот на 2015 година Агенцијата беше насочена кон спроведување на активности поврзани со имплементацијата на Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

Со цел навремена, ефикасна и ефективна подготвеност за извршување на своите функции, Агенцијата врз основа на направена анализа на постојната состојба, а имајќи ги предвид новините во однос на начинот на спроведување на испитот за административен службеник, испитот за административно управување и тестот на личност презеде повеќе мерки за подобрување на просторните услови, како и доопремување со ИКТ и техничка опрема.

Направено е адаптирање на просторијата за спроведување на испитите, со цел нејзино ставање во функција, согласно правилата и барањата поврзани со постапката за селекција за вработување на кандидати, утврдени во Законот за административни службеници.

Со одлука на Владата на Република Македонија за давање на движни ствари од страна на Министерството за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст: МИОА) на Агенцијата и се доделени на трајно користење 40 компјутери за полагање и истите се ставени во употреба за таа намена.

Поставена е видео опрема составена од 7 камери, од кои 2 статични и 5 ротациони, со кои ќе се снима полагањето на испитите односно тестот и ќе се емитуваат во живо на интернет страницата на Агенцијата. Исто така, поставен е дисплеј со димензии 2,46 x 2,13 метри, за прикажување на резултатите на кандидатите кои полагаат и на прелиминарната ранг листа, заради транспарентност на постапката во фазата на спроведување на испитите.

Воедно, направена е надградба на апликацијата за одржување на интернет страницата на Агенцијата со додавање на нова функционалност, односно „емитување во живо" на испитите.

Агенцијата направи и надградба на постоечкото апликативно решение кое согласно законските одредби може да излезе во пресрет на новите барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници. Се работеше на креирање обрасци за записници, известувања и извештаи коишто треба да произлезат од апликацијата за селекција.

Агенцијата ги донесе и усвои подзаконските акти, кои како обврска произлегуваат од Законот за административни службеници:

- Деловник за работа на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен број 01-2012/1 од 25.08.2015 година и
- Тарифник на Агенцијата за администрација број 02-2701/1 од 31.12.2015 година.

Во однос на интерното работење, Агенцијата ги презема следните активности:

Врз основа на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Извештајот од спроведената функционална анализа

во Агенцијата за администрација од 2014 година, а во согласност со настанатите промени на законските надлежности, Агенцијата во јуни 2015 година донесе Правилник за внатрешна организација на Агенцијата за администрација, број 01-1731/1 од 15.06.2015 година и Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за администрација, број 01-1731/2 од 15.06.2015 година. Како следен чекор се пристапи кон донесување поединечни решенијата за распоредување и утврдување на плата на вработените.

По донесувањето на поединечните акти за распоредување и определување на плата, а согласно член 61 од Законот за административни службеници, во Агенцијата се воспостави системот за управување со ефектот на административните службеници за 2015 година. Во декември 2015 година, генералниот секретар на Агенцијата и Одделението за управување со човечки ресурси на пропишан образец ја пресметаа годишната оценка за секој оценуван административен службеник. Согласно член 65 став (17) од Законот за административни службеници, Агенцијата во декември 2015 година до МИОА достави Извештај со ранг листа на годишни оценки на административните службеници во Агенцијата за администрација за 2015 година. Во истиот месец, со утврдување на работните цели и задачи и план за стручно усовршување и развој во образецот за оценување на вработените административни службеници започна процесот за управување со ефектот за 2016 година во Агенцијата.

Согласно член 58 став (1) од Законот за административните службеници, во декември 2015 година, Агенцијата до МИОА достави Годишен план за обуки на административните службеници за 2016 година.

Со цел воспоставување на Регистарот на вработените во јавниот сектор, согласно член 18 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор Агенцијата ги внесе потребните податоци за вработените во информациониот систем за управување со човечки ресурси.

Врз основа на член 17 став (4) од Законот за вработените во јавниот сектор и член 23 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија", број 11/15 година), во последниот квартал од 2015 година Агенцијата спроведе функционална анализа, а за наодите и препораките од истата се изработи Извештај од спроведената функционална анализа.

## 3.2 Мерење на задоволството на корисниците на услугите

Со цел согледување на позитивните и негативните страни на своето работење, Агенцијата на почетокот на 2015 година, согласно Процедурата за мерење на задоволството на корисниците на услугите (која е дел од Системот за менаџмент со квалитет ISO 9001:2008) спроведе анализа за своето работење, преку мерење на задоволството на корисниците од услугите кои ги обезбедува Агенцијата преку спроведување на своите надлежности. Во анализата беа вклучени институциите на државната и јавната служба во Република Македонија, кои ги користат услугите на Агенцијата, како и кандидатите кои го полагаа испитот за државен, односно јавен службеник. Како инструменти за анализа беа изработени анкетни листови составени од пет прашања од затворен тип, како и едно прашање од отворен тип.

Работата на Агенцијата беше оценета како одлична од аспект на запознаеност со надлежностите кои ги има, од аспект на севкупното работење, како и во однос на веб страницата на Агенцијата. Преку анкетирањето беа мерени задоволството на корисниците од услугите на Агенцијата и задоволството на корисниците од вработените во Агенцијата за што се добиени идентични просечни оценки - во целина 4.4. Добиени се одговори и на единственото прашање од отворен

тип, преку кое анкетираните имаа можност да дадат свои предлози за унапредување на работењето на Агенцијата во наредниот период.

Од спроведената анализа на работата на Агенцијата преку мерење на задоволството на корисниците од услугите на Агенцијата може да се заклучи дека најголемиот број од анкетираните корисници на услуги се задоволни од услугите на Агенцијата во 2014 година.

## 3.3 Заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба - Common Assessment Framework

Согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба („Службен весник на Република Македонија“ број 69/13), Агенцијата има обврска да воведе Заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба - Common Assessment Framework (во натамошниот текст: CAF), со цел обезбедување на подобар квалитет на услугите во државната служба.

Во таа насока, Агенцијата почнувајќи од февруари 2015 година ги започна активностите за воведување на CAF, како еден од најзначајните стандарди за квалитет во работењето на јавната администрација. Во февруари 2015 година со Одлука за започнување на постапка за воведување на Заедничката рамка за процена и за формирање на Тим за процена се формираше Тимот за процена во Агенцијата, кој спроведе анализа на работењето и ги дефинираше силните страни и областите што треба да се подобрат, предлагајќи активности за подобрување на состојбата. Следствено на тоа, беше изработен Финален извештај, кој во јуни 2015 година беше доставен до раководството на Агенцијата и до вработените. Едновремено, се одржа и работилница со учество на Тимот за процена и раководните административни службеници од Агенцијата, на која се изврши приоретизација на предлог активности од Извештајот за Заедничката рамка за процена на Агенцијата за администрација. Врз основа на тоа, Тимот за процена подготви **План за подобрување на состојбата**, кој беше одобрен и донесен од страна на директорот на Агенцијата во јули 2015 година и кој согласно насоките и упатствата дадени од страна на МИОА предвидено е да се спроведува за период од две години од денот на неговото донесување. Планот за подобрување на состојбата содржи десет брзо спроведливи мерки за подобрување (Quick Wins) со рок на реализација не подолг од три месеци и пет приоритетни активности, со подолг период за реализација земајќи ја во предвид нивната стратешка важност (влијанието врз граѓаните, вработените, интерните резултати и општеството во целина) и комплексноста на нивната реализација. Од моментот на неговото донесување па до крајот на 2015 година Планот за подобрување на состојбата активно и успешно се спроведува, согласно утврдената методологија. Во ноември од страна на координаторот за CAF е изработена и првата Информација за моменталната состојба на активностите за подобрување од Планот за подобрување на состојбата за периодот септември-ноември 2015 година, која е доставена до раководните лица и сите вработени во Агенцијата.

## 3.4 Систем за менаџмент со квалитет, согласно барањата на Стандардот ИСО 9001:2008

Имајќи ги предвид изменетите надлежности на Агенцијата, согласно Законот за административни службеници, новиот Правилник за внатрешна организација на Агенцијата за администрација и новиот Правилник за систематизација на работните места на Агенцијата за администрација, како и назначувањето на генерален

секретар на Агенцијата за администрација, во последниот квартал од 2015 година се пристапи кон ревидирање на воспоставениот Системот за менаџмент со квалитет, согласно барањата на Стандардот ИСО 9001:2008 кој беше воведен во Агенцијата во 2013 година.

## 3.5 Одбележување на 15-годишнината од основањето на Агенцијата

Агенцијата на 3 септември 2015 година организираше свечен настан со кој го одбележа својот 15-годишен јубилеј. Имено, во рамки на процесот на реформа на јавната администрација во Република Македонија, односно донесувањето на Стратегијата за реформа на јавна администрација од 1999 година се предвиде донесување на посебен закон за регулирање на службеничкиот однос - Законот за државните службеници и соодветна институционална рамка за спроведување на истиот - нов државен орган, одговорен за воведување и промовирање на единствен и конзистентен систем на државна служба во Република Македонија. Па така, на 29 август 2000 година, со назначување на првиот директор формирана е Агенцијата за државни службеници, како орган на државна управа, за да во 2001 година се трансформира во самостоен државен орган, кој статус е задржан до денес. Агенцијата за државни службеници, под тој назив и со тие надлежности постоеше до крајот на 2010 година, за да од јануари 2011 година продолжи да работи како Агенција за администрација. Тогаш, Агенцијата претрпе значителни функционални, структурни и кадровски промени, што подразбираа премин на дел на надлежностите и на дел на вработените од Агенцијата во Министерството за информатичко општество и администрација, кое согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа ја доби улогата на орган одговорен за координација и водење на реформата на јавната администрација.

## 3.6 Стратешки план на Агенцијата за администрација (2016-2018) и Програма за работа на Агенцијата за администрација за 2016 година

Во декември 2015 година Агенцијата усвои Стратешки план на Агенцијата за администрација (2016-2018) број 01-2593/1 од 15.12.2015 и Програма за работа на Агенцијата за администрација за 2016 година број 01-2593/2 од 25.12.2015 година, кои се јавно достапни на веб страницата на Агенцијата.

## 3.7 Е-архива

Кон крајот на 2015 година набавена е софтверска апликација за водење на е-архива на Агенцијата, во насока на целосна и правилна примена на одредбите од Законот за архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцеларискиот и архивското работење.

## 4. ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

### 4.1 Селекција и вработување на државни и јавни службеници

Иако на 13 февруари 2015 година почна да се применува Законот за административни службеници со што престанаа да важат Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници, Агенцијата и во 2015 година продолжи со спроведување на постапки за селекција и вработување на државните и јавните службеници – објавување на јавни и интерни огласи, спроведување на административна селекција, испити за државни, односно јавни службеници и интервјуа. Станува збор за постапки отпочнати пред почетокот на примената на Законот за административни службеници.

#### 4.1.1 Објавување јавни огласи за државни службеници

Во текот на 2015 година Агенцијата објави вкупно 216 јавни огласи за 1059 извршители за нови вработувања.

За потребите на државните органи беа објавени 154 јавни огласи за вработување на 779 извршители, додека во општините и градот Скопје беа објавени 62 јавни огласи за вработување на 280 извршители.

До Агенцијата беа доставени и обработени вкупно 47740 пријави за вработување по пат на јавен оглас, или во просек 45,08 пријави за еден извршител. Од овој број 47210 (98,89%) отпаѓа на пријави кои се доставени електронски, додека останатиот дел од 530 (1,11%) се доставени писмено до Писарницата на Агенцијата. Од вкупно пристигнатите и обработени пријави, 8104 се пријави за вработување на државни службеници за огласи објавени во 2014 година, од кои 1104 за вработување во општините и градот Скопје, а 7000 за потребите на државните органи.



### 4.1.2 Објавување интерни огласи за државни службеници

Во текот на 2015 година, Агенцијата објави вкупно 35 интерни огласи за 118 извршители.

За потребите на државните органи беа објавени 10 интерни огласи за унапредување на 41 извршители, додека за во општините и градот Скопје беа објавени 25 интерни огласи за унапредување на 77 извршители.

Во 2015 година, до Агенцијата се доставени и обработени и вкупно 193[1] пријави за вработување по пат на интерен оглас или во просек 1,64 пријави за еден извршител. Сите пријави за унапредување по пат на интерен оглас се доставени по електронски пат.




### 4.1.3 Административна селекција, испит за државен службеник и интервју

Во 2015 година, за потребите на објавените јавни огласи за вработување државни службеници, Агенцијата организира и спроведе 277[2] постапки за административна селекција, 277[3] испити и учествуваше во спроведување на 277[4] интервјуа.

Што се однесува до постапката за селекција и вработување на државен службеник по пат на интерен оглас, Агенцијата организира и спроведе 35 постапки за административна селекција и учествуваше во спроведување на 35 интервјуа.

[1] Од интерните огласи објавени на крајот на 2014 година, 18 пријави се обработени во 2015 година (15 за вработување во општините и градот Скопје, а 3 за потребите на државните органи)

[2] Од јавните огласи објавени кон крајот на 2014 година, спроведени се 57 административни селекции во 2015 година (14 административни селекции се спроведени за објавени огласи за општините и градот Скопје и 43 административни селекции за потребите на државните органи)

[3] Од јавните огласи објавени кон крајот на 2014 година, спроведени се 57 испити во 2015 година (14 испити се спроведени за објавени огласи за општините и градот Скопје и 43 за потребите на државните органи)

[4] Од јавните огласи објавени кон крајот на 2014 година, спроведени се 57 интервјуа во 2015 година (14 интервјуа се спроведени за објавени огласи за општините и градот Скопје и 43 интервјуа за потребите на државните органи)

### 4.1.4 Објавување одлуки за избор на државен службеник

Во 2015 година на огласната табла и на интернет страницата на Агенцијата објавени беа вкупно 1387[5] одлуки. Од нив, за раководни државни службеници објавени се вкупно 128[6] одлуки; за стручни државни службеници објавени се вкупно 885[7] одлуки и за стручно-административни државни службеници објавени се вкупно 374[8] одлуки.

За потребите на државните органи објавени беа вкупно 959[9] одлуки. Од нив за раководни државни службеници објавени се вкупно 99[10] одлуки; за стручни државни службеници објавени се вкупно 590[11] одлуки и за стручно-административни државни службеници објавени се вкупно 270[12] одлуки.

Во органите од локалната самоуправа објавени беа вкупно 428[13] одлуки. Од нив за групата за раководни државни службеници објавени се вкупно 29[14] одлуки; за стручни државни службеници објавени се вкупно 295[15] одлуки и за стручно-административни државни службеници објавени се вкупно 104[16] одлуки.




[5] Од нив 501 одлука се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[6] Од нив 57 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[7] Од нив 312 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[8] Од нив 132 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[9] Од нив 343 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[10] Од нив 46 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[11] Од нив 198 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[12] Од нив 99 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[13] Од нив 158 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[14] Од нив 11 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[15] Од нив 114 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.
[16] Од нив 33 одлуки се објавени во 2015 година, за постапки започнати во 2014 година.

### 4.1.5 Објавување јавни огласи за јавни службеници

Во 2015 година, Агенцијата објави 74 огласи за 109 работни места за 132 извршители од кои 49 за работни места со високо образование и 83 за работни места со средно образование.

До Агенцијата беа доставени и обработени вкупно 4264 пријави за вработување на јавни службеници по пат на јавен оглас или во просек 32,30 пријави за еден извршител. Од вкупниот број, 4210 (98,73%) отпаѓа на пријави кои се доставени по електронски пат, додека останатиот дел од 54 пријави (1,27%) се доставени писмено до Писарницата на Агенцијата.




### 4.1.6 Административна селекција, испит за јавен службеник и интервју

За потребите на објавените јавни огласи за вработување на јавни службеници на институциите на јавната служба, Агенцијата во 2015 година организира и спроведе 82[17] постапки за административна селекција, 102[18] испити за јавни службеници и учествуваше во спроведување на 101[19] интервју.

### 4.1.7 Објавување на одлуки за избор на јавен службеник

Во 2015 година на огласната табла и на интернет страницата на Агенцијата објавени беа вкупно 205 одлуки од кои 191[20] одлука за избор.

[17] Спроведени се 8 постапки за административна селекција по јавни огласи објавени во 2014 година
[18] Спроведени се 28 постапки за спроведување испит по јавни огласи објавени во 2014 година
[19] Спроведени се 28 постапки за спроведување интервју по јавни огласи објавени во 2014 година
[20] Објавени се 67 одлуки за избор на кандидати по објавени јавни огласи во 2014 година

## 4.2 Испити за стекнување со статус на државен службеник и со статус на јавен службеник

На барање на органите од член 3-а од Законот за државните службеници, во текот на 2015 година за полагање на испит за стекнување со статус на државен службеник, Агенцијата организираше и спроведе 26 испити за 40 кандидати.

Од нив 27 кандидати беа вработени со статус на јавен службеник и полагаа испит за стекнување со статус на државен службеник, а 13 кандидати беа вработени во органите на државните органи без статус на државен службеник и полагаа испит за стекнување со статус на државен службеник. Од вкупно 40 кандидати, 40 го положија испитот.

Во текот на 2015 година за полагање на испит за стекнување со статус на јавен службеник, Агенцијата организираше и спроведе 6 испити за 31 кандидати.[21]

## 4.3 Селекција и вработување на припадници на заедниците

Во текот на 2015 година, во рамките на Владината потпрограма К5 - Соодветна и правична застапеност на заедниците, објавен беше 1 оглас[22] за вработување на 154 државни службеници - припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, за 49 извршители од групата на стручни државни службеници, за кои беа пристигнати 2311 пријави (од нив 1980 пријави се уредни) и за 105 извршители од групата на стручно-административни државни службеници, за кои беа пристигнати 1799 пријави (од нив 1278 пријави се уредни).

## 4.4 Селекција за вработување на административни службеници

Согласно Законот за административни службеници постапката за селекција за вработување на административни службеници се состои од четири фази - административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју и тест на личност.

**Фаза 1 - Административната селекција** се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите во јавниот оглас, приложените докази во пријавата и нивно бодирање. За кандидатите кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува.

**Фаза 2 - Испитот за административен службеник** се состои од два дела - стручен дел и дел за процена на интелектуалниот капацитет на кандидатот. Со стручниот дел, преку одговарање на прашања во вид на компјутерско тестирање, се проверуваат познавањата на кандидатот во следниве области: уставен поредок на Република Македонија; систем на локална самоуправа; систем на управно право, управна постапка и управен спор; положбата и други општи прашања за вработените во јавниот сектор; правата од работен однос на административните службеници и

---

[21] Од нив 6 кандидати беа вработени со статус на државен службеник и полагаа испит за стекнување со статус на јавен службеник. Од вкупно 31 кандидат, 31 го положија испитот.

[22] Бројот на објавените огласи и бројот на извршителите, согласно Владината потпрограма К5 – Соодветна и правична застапеност на заедниците е вкалкулиран во вкупниот број на објавени јавни огласи за државните органи.

Кодексот за административни службеници. Со делот за проценка на интелектуалниот капацитет на кандидатот се проверува способноста на кандидатот за апстрактно расудување преку компјутерски тест – матрица за когнитивни способности, како и способноста за логичко расудување преку компјутерски тест за силогизми.

**Фаза 3** - **Проверката на веродостојност на доказите** ја врши Комисија за селекција најмалку три часа пред почетокот на интервјуто за што кандидатите се должни да ги донесат на увид во оригинал или заверен препис сите докази. Доколку од страна на надлежните органи се утврди дека кандидатот доставил на увид лажни докази, истиот не може да се вработи како административен службеник во период од десет години од денот на неговото евидентирање во Агенцијата.

Најмногу пет пати повеќе кандидати од бројот на работните места за кои се спроведува постапката, а кои биле најдобро рангирани и кои притоа успешно ја поминале проверката на веродостојност на докази, имаат право да продолжат на **интервју** (усно или писмено).

**Фаза 4** - Со **тестот на личност** се проверува соодветноста на кандидатот за работно место за кое аплицирал, преку полагање на валидиран тест за користење во Република Македонија, базиран на стандардизиран петфакторски модел со кој се проверуваат социјалните особини, одредени аспекти на интегритетот на личноста, пристапот кон учењето, како и другите психолошки особини во функција на извршувањето на работите и работните задачи за соодветната категорија на работни места. Со тест на личност се тестираат кандидатите кои во претходните три фази на селекција освоиле најмалку 60 % од максималниот број на бодови во сите претходни фази на постапката за селекција. Кандидатите кои успешно го поминале тестот на личност и се покажале како соодветни за работното место, остануваат на конечната ранг-листа, додека за другите постапката на селекција завршува.

Комисијата за селекција, од конечните ранг-листи по работни места, избира онолку најдобро рангирани кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот план на институцијата се предвидени нови вработувања, колку што извршители се бараат за тоа работно место и во рок од три дена и ги предлага на институцијата. Во случај кога на која било од конечните ранг-листи нема доволно кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот план на институцијата се предвидени нови вработувања, огласот се повторува само за оние работни места и за оној број на извршители колку што недостигаат. Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на конечната ранг-листа е должен да донесе одлука за избор која се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата. Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, раководното лице на институцијата носи решение, односно склучува договор за вработување на неопределено време.

Согласно Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ 90/15) кандидатите треба да креираат кориснички профил, преку кој добиваат идентификациски код. Во профилот се внесуваат податоци за исполнување на општите и посебните услови за пополнување на работни места и се прикачуваат потребните документи. Преку профилот, на кандидатот му се олеснува постапката за пријавување на јавен оглас, му се дава можност да го следи огласот на кој се пријавил и резултатите кои ги постигнал, како и да има информации за денот и часот на спроведување на секоја од фазите на постапката за селекција.

За таа цел Агенцијата изработи и Упатство за креирање профил, Упатство за полагање испит за административен службеник, како и Упатство за спроведување испит за административно управување.

## 5. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ И ПРИГОВОРИ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ВТОР СТЕПЕН

Законот за државните службеници, донесен во 2000 година за прв пат утврди воведување на воедначен систем на државна служба и надлежност на Агенцијата за заштита на правата на државните службеници кои произлегуваат од службеничкиот однос во втор степен. Со донесувањето на Законот за јавните службеници во 2010 година, оваа надлежност на Агенцијата се прошири и на заштитата на правата на јавните службеници и истите се остваруваа преку Комисијата за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници и Комисијата за решавање во втор степен по жалби и приговори на јавните службеници.

Со отпочнување на примена на новиот Закон за административни службеници од 13.02.2015 година за прв пат се дефинира поимот административен службеник односно лице кое засновало работен однос заради вршење на административни работи во органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Со овој закон надлежноста на Агенцијата која се однесува на постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, се остварува преку една комисија, односно Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

Оттука, во продолжение на овој извештај за второстепениот систем за заштита на правата ќе биде поделен на два периоди, со оглед на тоа што во 2015 година во рамки на Агенцијата до почетокот на примената на Законот за административни службеници работеа две комисии, а од 13.02.2015 година се формира и работеше единствена Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

### 5.1 Период до почеток на примената на Законот за административни службеници

Во периодот од 01.01.2015 – 12.02.2015 година, Комисијата за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници одржа вкупно 7 седници. Во надлежност на оваа Комисија од претходната 2014 година преминале 17 предмети, а од 01.01.2015-12.02.2015 година до Комисијата беа доставени уште 94 жалби/приговори, односно вкупно 111 предмети. Од вкупниот број на префрлени и поднесени предмети решени се 94 (при што уважени се 22 жалби/приговори, одбиени 57 жалби/приговори, отфрлени 12 жалби/приговори и за 3 поднесени жалби/приговори постапката е запрена, затоа што истите се повлечени од подносителот.




Од вкупниот број на решени предмети Комисијата постапувала по следните основи: Дисциплинска постапка: вкупно 20; Престанок на вработување: вкупно 4; Оценување на државен службеник: вкупно 2 ; Плата и надоместоци на плата: вкупно 3; Распоредување на државен службеник: вкупно 2 и Избор по оглас: вкупно 63 предмети.




Комисијата за решавање во втор степен по жалби и приговори на јавните службеници во периодот од 01.01.2015 година до 12.02.2015 година одржа вкупно 8 седници. Во надлежност на оваа комисија од претходната 2014 година преминале 32 предмети, а од 01.01.2015 до 12.02.2015 година до Комисијата биле поднесени уште 52 предмети односно вкупно 84 предмети. Од вкупниот број на префрлени и поднесени жалби и приговори решени се 52 предмети (при што уважени се 12, одбиени 38, отфрлени 1, и за 1 поднесена жалба/приговор постапката е запрена затоа што истата е повлечена од страна на подносителот.




Од вкупниот број на решени предмети Комисијата постапувала по следните основи; Дисциплинска постапка: вкупно 6; Престанок на вработување: вкупно 23; Оценување на јавен службеник: вкупно 1; Плата и надоместоци на плата: вкупно 1, Распоредување на јавен службеник: вкупно 5; Суспензија: вкупно 5; Избор по оглас: вкупно 11 предмети.



## 5.2 Период од почетокот на примената на Законот за административни службеници

Со отпочнување на примената на Законот за административни службеници од 13.02.2015 година, надлежноста на Агенцијата која се однесува на постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, ја остварува преку Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен (во натамошниот текст: Комисијата). По исклучок, Комисијата постапува и по жалби и приговори поднесени од даватели на јавни услуги (согласно Законот за вработените во јавниот сектор тоа се лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи поврзани со дејностите од јавен интерес согласно со закон, кои не се од административна природа), кога во посебен закон е така уредено.

За работата на Комисијата, директорот на Агенцијата донесе Деловник за работа на Комисијата, објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 146 од 26.08.2015 година.

Составот на Комисијата за прв пат е уреден со закон и истата е составена од претседател и четири члена и нивни заменици од редот на административните службеници од Агенцијата определени од страна на директорот врз основа на начелата на стручност и компетентност и согласно со начелото за соодветна и правична застапеноста на припадниците на заедниците. Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови кои не можат да бидат воздржани при гласањето.

Новина во реформскиот Закон за административни службеници е тоа што на Комисијата во делот на одлучување за прв пат и е дадено право самата (мериторно) да одлучува во случај кога постапува по изјавена жалба/приговор против акт кој еднаш бил поништен и вратен на повторно решавање.

Во извештајниот период од 13.02.2015 година до 31.12.2015 година, Комисијата одржа вкупно 62 седници. До Комисијата беа поднесени 492 жалби/приговори вклучувајќи ги и нерешените 17 жалби/приговори од Комисијата за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници и 32 жалби/приговори од Комисијата за решавање во втор степен по жалби и приговори на јавните службеници. Вкупно, Комисијата решила 482 предмети, а за 10 предмети одлучувањето е префрлено во 2016 година.

Со цел подобро запознавање со работата на Комисијата, во понатамошниот текст подетално е објаснета структурата и видот на предметите, како и начинот на постапување по истите од страна на Комисијата.

Од страна на државните службеници беа поднесени вкупно 331 жалби/приговори од кои решени се 328, при што Комисијата уважи 54, одби 198, отфрли 37, 10 ги отстапи на друг надлежен орган, а 22 жалби/приговори се повлечени од подносителот.




Од решените предмети, Комисијата постапувала по следните основи: Дисциплинска постапка: вкупно 43; Престанок на вработување: вкупно 22; Оценување на државен службеник: вкупно 19; Плата и надоместоци на плата: вкупно 76; Распоредување на државен службеник: вкупно 46; Суспензија: вкупно 4; Избор по оглас: вкупно 103; Годишен одмор: вкупно 3; Права од Законот за работни односи или друг посебен закон: вкупно 7 предмети. Комисијата мериторно одлучи по пет предмети по изјавена жалба/приговор против акт кој еднаш бил поништен и вратен на повторно решавање.



Од страна на јавните службеници беа поднесени вкупно 161 жалби/приговори од кои решени се 154 при што Комисијата уважи 29, одби 104, отфрли 10, за 9 се огласи за ненадлежна и ги отстапи на друг надлежен орган, а 2 жалби/приговори се повлечени од подносителот.




Од решените предмети Комисијата постапувала по следните основи: Дисциплинска постапка: вкупно 40; Престанок на вработување: вкупно 10; Оценување на државен службеник: вкупно 6; Плата и надоместоци на плата: вкупно 8 ; Распоредување на државен службеник: вкупно 57; Суспензија: вкупно 1; Избор по оглас: вкупно 24; Годишен одмор: вкупно 1; Стекнување на статус на јавен службеник: вкупно 5; Права од Законот за работни односи или други посебни закони: вкупно 3 предмети. Од вкупниот број на решени предмети по жалби и приговори доставени од јавните службеници, Комисијата не донела мериторно одлука од што може да се заклучи дека претходно донесените одлуки на Комисијата биле почитувани во целост.



Комисијата по исклучок, постапи и по три предмети по изјавени жалби/приговори поднесени од лица со статус на даватели на јавни услуги.

Од погоренаведеното произлегува дека во 2015 година Комисијата постапила и решила вкупно 631 жалба/приговор, од кои од страна на државните службеници според основот, најголем број беа поднесени против одлуки за избор по оглас и против решенија за утврдување на плата, додека од јавните службеници според основот, најголем број беа поднесени против решенија за распоредување на работно место и решенија за изрекување на дисциплински мерки за сторен дисциплински престап или дисциплинска неуредност.

Споредбено со 2014 година кога од страна на двете комисии беа примени и решени вкупно 737 предмети, може да се извлече заклучокот дека бројот на поднесени жалби приговори од страна на административните службеници е намален.

Воедно, во текот на 2015 година Државниот управен инспекторат изврши редовен инспекци надзор и констатира дека предметите на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен се решени во законски утврдениот рок.

## 6. СОГЛАСНОСТ НА АКТИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА СЛУЖБА

Во првиот квартал на 2015 година Агенцијата продолжи со спроведување на надлежноста утврдена во член 7 став (3) алинеја 1 од Законот за државните службеници - давање писмена согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на органите на државната служба од централната и локалната власт.

Агенцијата има изработено и доставено вкупно 128 дописи, од кои 122 писмени согласности и 6 писмени укажувања. Од вкупната бројка на 128 дописи, 79 се дадени на органите на централната власт и 49 се дадени на органите на локалната власт.

Постапувајќи по барањата на органите на централната власт, Агенцијата има дадено 76 писмени согласности и 3 писмени укажувања, од кои 1 согласност на нов акт за внатрешна организација и 1 согласност на нов акт за систематизација на работни места, 8 писмени согласности на акти за изменување и дополнување на акти за внатрешна организација и 66 писмени согласности на акти за изменување и дополнување на акти за систематизација на работните места.

На ниво на органи на локалната власт, Агенцијата има дадено 46 писмени согласности и 3 писмени укажувања, од кои 1 согласност на нов акт за внатрешна организација и 1 согласност на нов акт за систематизација на работни места, 3 писмени согласности на акти за изменување и дополнување на акти за внатрешна организација и 41 писмена согласност на акти за изменување и дополнување на акти за систематизација на работни места.

Писмените укажувања беа со цел отстранување на недостатоците/неправилностите кои Агенцијата ги констатирала во текстот на предлог-актите, доставени од страна на органите на државната служба. Во постапката за давање согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места беа реализирани и координативни состаноци/средби со претставници од споменатите органи, со цел обезбедување на стручна помош и непосредно усогласување на предложените акти меѓу претставниците на Агенцијата и претставниците на органите на државната служба.

На почетокот на оваа година, Агенцијата беше ангажирана и при усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места со Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија“ број 20/15 и 44/15), согласно кој Агенцијата даваше согласност на актите до 09.04.2015 година. Заклучно со овој датум фактички заврши и практицирањето на оваа законска надлежност, која оттогаш премина во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација.

Во овој период согласно споменатиот закон беа дадени 5 писмени согласности на актите на органите на централната власт и 3 писмени согласности на актите на органите на локалната власт.

## 7. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР

Агенцијата во текот на 2015 година, почитувајќи го законски утврдениот рок, одговори на 153 барања поврзани со надлежностите во однос на системот на државна служба, доставени од страна на повеќе државни институции, општини, здруженија на граѓани и тоа: Комисија за слободен пристап до информации од јавен карактер (10); Народен правобранител на Република Македонија (16); Државен правобранител на Република Македонија (20); Управен суд на Република Македонија (10); Виш управен суд на Република Македонија (2); основни судови на Република Македонија (11); Апелационен суд Скопје (2); Јавно обвинителство на Република Македонија (2); Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија (11); општини (6); адвокати и адвокатски здруженија (9); министерства (20); други органи (19); граѓани (10) и останати (5).

Од доставените обраќања, 76 барања се однесуваа на право од работен однос, 25 се предмети доставени од страна на основните судови во Република Макдонија, Апелационен суд - Скопје, Управен суд на Република Македонија и Виш управен суд на Република Македонија по предмети во кои како второтужена странка се јавува и Агенцијата.

Во 4 случаи се доставени тужби во кои тужена странка е Агенцијата.

Во 23 случаи се доставени акти од државните и јавните институции, во 9 случаи барања или молби за достава на одредени одлуки на Агенцијата и во 5 случаи обраќање во врска со доставени претставки до други институции.

Воедно, во текот на 2015 година до Агенцијата со претставки се обратиле 10 граѓани и на истите им е одговорено.

Агенцијата со свој претставник учествуваше во работата на работни групи формирани од други инститиции од јавниот сектор:

- Работна група за ревизија на Рамковниот договор во делот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците (МИОА);
- Работна група за изработка на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика (Министерство за правда) и
- Работна група за изработка на Акциониот план за остварување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2016 – 2019 (Државна комисија за спречување на корупцијата).

# 8. ПРИДОНЕС КОН ЕВРО - АТЛАНТСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Агенцијата продолжи со спроведување на активностите за остварувањето на стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија - интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО и на стратешките цели: јакнење на владеењето на правото; натамошно спроведување на Рамковниот договор; интегрирано, ефикасно и модерно работење на администрацијата и обезбедување на услуги целосно приспособени на потребите на граѓаните и бизнис заедницата и создавање на компетентна администрација – сервисно и услужно ориентирана кон одржлив социјален и економски развој на земјата.

## 8.1 Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2015 година

Во април и август 2015 година, Агенцијата достави прилози кон Извештајот-придонес на Република Македонија кон Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија од 2015 година.

## 8.2 Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ (НПАА) - Ревизија 2015 година

Агенцијата и оваа година вршеше ажурирање на податоците за реализација на мерките и активностите од Поглавјето 4.1. Хоризонтални прашања - Реформа на јавната администрација за кои Агенцијата беше одговорна институција и учествуваше во Работната група IV од НПАА за административен капацитет.

## 8.3 Специјалната група за реформа на јавната администрација (СГ РЈА)

Агенцијата учествуваше во подготовката на информации релевантни за работата на Специјалната група за реформа на јавната администрација (СГ РЈА). Во тој контекст, Агенцијата поготви прилози и презентации за Шестиот состанок на СГ РЈА, кој се одржа во мај 2015 година и даваше мислења по Информациите на Секретаријатот за европски прашања за подготовка и одржување на овој состанок.

## 8.4 Годишната национална програма на Република Македонија за членство во НАТО 2015/2016 година

Во 2015 година, Агенцијата учествуваше на подготвителни и информативни работни состаноци на експертско ниво во Министерството за надворешни работи на Република Македонија, со претставници на МАП/ПАРП тимот на НАТО Алијансата и во подготовка на прилог за реформата на јавната администрација во Годишната национална програма на Република Македонија за членство во НАТО 2015/2016 година.

## 9. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Буџетот на Агенцијата во 2015 година изнесуваше 42.490.000,00 денари. Од вкупниот износ на предвидени средства, најголем дел, односно 64,99% беа наменети за плати и надоместоци, 18,43% за стоки и услуги, 0,22% за субвенции и трансфери и 16,36% за капитални расходи.

Предвидените средства на Агенцијата од буџетот за 2015 година беа распределени на следната програма:

Програма 2
Потпрограма 20
Администрација

| Категорија | Опис | Расходи од буџет |
|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 27.616.000 |
| 42 | Стоки и услуги | 7.829.000 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 92.000 |
| 48 | Капитални расходи | 6.953.000 |

Користењето на буџетските средства во 2015 година беше усогласено со реализација на утврдените програми, цели и активности содржани во Програмата за работа на Агенцијата за администрација во 2015 година, како и во Стратешкиот план на Агенцијата за администрација (2015-2017 година).

Од вкупно распределените средства во Буџетот на Агенцијата, реализирани беа 94,48%.

## 10. ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА 2016 ГОДИНА

Согласно Програмата за работа, клучни приоритети и цели на Агенцијата во 2016 година се:

- **Промовирање и развој на систем за селекција на кандидати за вработување на административни службеници, заснован врз компетенции;**
- **Одлучување по жалби и приговори на административни службеници;**
- **Остварување на надлежности што произлегуваат од посебни закони, како и соработка со институциите во јавниот сектор и**
- **Јакнење на капацитетите (административни, ИТ и технички) на Агенцијата.**

Целта кон која се стреми Агенцијата при остварувањето на своите функции е да испорача професионални услуги на граѓаните, државните и јавните службеници, органите на државната служба и институциите на јавниот сектор, како и на сите други заинтересирани, имајќи го предвид домашниот општествен контекст, но и во согласност со стандардите и начелата на Европскиот административен простор.

Директор,
Жаклина Николовска, с.р.